Врз основа на член 22 и член 287 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/2020, 215/2021 и 99/2022), член 17 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020, 150/2021 и 288/2021), основачот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД СКОПЈЕ-во основање на ден 18.12.2024 година усвои:

# С Т А Т У Т
# на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД СКОПЈЕ-во основање

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредува основањето на друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови (во натамошниот текст: Друштвото за управување), фирмата и седиште на друштвото за управување; предмет на работење на друштвото за управување; основачи на друштвото, ЕМБС и седиште на основачот; износот на основна главнина; номиналната вредност на акциите, бројот на акциите од секој род и класа, правата, обврските, ограничувањата и погодностите; времетраење на друштвото за управување; предности и поволности на акционерите; постапката за свикување и одржување на собранието; видот, составот и начинот на избор на органот на управување и негова надлежност; името и презимето на првите членови на органот на управување, нивниот ЕМБГ, број на пасош односно на личната карта, како и местото на живеење; основање и управување со инвестициски фондови во свое име и за сметка на отворениот инвестициски фонд; начин на вложување на средствата на друштвото за управување; годишен извештај, финансиски извештаи и распределба на добивката; објавување на податоци и информирање на акционерите; деловна тајна; престанување на друштвото за управување и завршни одредби.

**Член 2**

Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови е акционерско друштво кое врши работи на основање и управување со инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови, работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент-сопственик на портфолио и работи на инвестициско советување на клиенти.

## ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

**Член 3**

Друштвото за управување ќе работи и учествува во правниот промет под фирмата: **Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје.**

Скратениот назив на Друштвото за управување гласи**: ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје.**

Во меѓународната комуникација и надворешно трговскиот промет Друштвото за управување ќе настапува со латинично писмо со следниот назив: **OPFOLIO INVESTMENTS AD SKOPJE.**

**Член 4**

Седиштето на Друштвото за управување е во Скопје, на ул. „Дане Крапчев“ бр.21/6, Центар, Скопје.

**Член 5**

За промена на називот и седиштето на Друштвото за управување одлучува Собранието на

Друштвото за управување.

Со одлуката за промена на називот и седиштето на Друштвото за управување во исто време се одлучува и за новиот назив и седиште на Друштвото за управување.

**Член 6**

Друштвото за управување има печат, штембил и заштитен знак.

Формата и содржината на печатот, штембилот и заштитниот знак и неговата употреба ја определува Одборот на директори на друштвото за управување.

**ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ**

**Член 7**

Предмет на работење на Друштвото за управување е основање и управување со отворени и затворени инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови, врз основа на издадено одобрение од Комисијата за хартии од вредност.

Друштвото врши работи во свое име, а за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови, како и врши работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент-сопственик на портфолио и работи на инвестициско советување на клиенти согласно закон.

Работи на управување со инвестициски фондови кои ги врши Друштвото за управување се:

1) управување со имотот на инвестицискиот фонд;

2) рекламирање на инвестициските фондови и продажба на удели во отворените инвестициски фондови;

3) административни работи кои се однесуваат на:

- водење на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи;
- воспоставување и одржување на односи со вложувачите;
- утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд и пресметка на цената на уделот;
- усогласување на работењето на Друштвото за управување со законите и други прописи;
- објавувања и известувања на акционерите и сопствениците на удели;
- распределба на добивката на инвестицискиот фонд;
- издавање и откуп на удели во отворените инвестициски фондови и
- водење регистар на сопствениците на удели.

4) вршење на работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио и

5) вршење на работи на инвестиционо советување на клиенти во согласност со закон.

Друштвото за управување не смее извршувањето на работите од точка 1, точка 4 и точка 5 на овој член да го пренесе на трети лица.

Друштвото за управување, по претходна согласност од Комисијата може да го пренесе на трети лица извршувањето на работите од точки 2 и 3 на овој член.

**Член 9**

Друштвото ќе го извршува работењето во согласност со законот и подзаконските прописи, актите на друштвото и актите на инвестициските фондови.

Приоритетна дејност на друштвото согласно Националната класификација на дејности е: 66.30- Дејности на управување со фондови.

**ОСНОВАЧИ НА ДРУШТВОТО**

**Член 10**

Основач на друштвото е правно лице, потписник на овој Статут и тоа:

- Друштво за информатичка технологија, инвестиции и советодавни услуги ОПФОЛИО АД Скопје, со ЕМБС 7490372 и седиште на Опфолио АД Скопје - ул. „Дане Крапчев“ бр. 21/6, Центар – Скопје со 250.000 (двеста и педесет илјади) евра во денарска противвредност.

**Член 11**

Акционерите се запишуваат во книгата на акции на Друштвото за управување која што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма.

Спрема Друштвото за управување за акционер се смета секое лице запишано во акционерската книга, што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 12**

Акционер на друштвото за управување може да има квалификувано учество само во едно друштво за управување со фондови со седиште во Република Северна Македонија.

Акционер со квалификувано учество во друштво за управување (над 10%, 20%, 30% и 50% од вкупно издадените акции на друштвото за управување со право на глас) може да стане лице под услови и на начин предвидени согласно закон и подзаконски акти. За секое стекнување на акции со квалификувано учество во друштвото за управување се прибавува согласност за стекнување на квалификувано учество од Комисијата за хартии од вредност согласно закон и подзаконски акти.

Секој акционер кој има намера да го намали учеството, на начин што тоа учество во вкупниот број на акции или вкупниот број на издадени акции со право на глас во друштвото за управување ќе се намали под 20%, 30% и 50% е должно најмалку пет работни дена пред да се реализира намалувањето да ја извести Комисијата за хартии од вредност.

**ПОЧЕТЕН КАПИТАЛ**

**Износ на почетен капитал**

**Член 13**

Висината на почетниот капитал на Друштвото за управување изнесува 250.000 (двеста и педесет илјади) евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ и се состои од парични влогови.

**Ч**

**лен 14**

Почетниот капитал на друштвото за управување е поделен на 1.000 обични акции, секоја со номинална вредност од 250 евра по акција, во денарска противвредност според среден курс на НБРСМ.

Акциите гласат на име и секоја акција дава право на еден глас во Собранието на друштвото за управување, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата односно стечајната маса на друштвото за управување.

**Ч**

**лен 15**

Имотот на друштвото се прикажува и води одвоено од имотот на инвестициските фондови и сопствениците на портфолиа со кои управува.

Обврските на друштвото не може да се намируваат од средствата на инвестициските фондови со кои тоа управува или од сопствениците на портфолија.

**Зголемување на почетниот капитал**

**Член 16**

Одлука за зголемување на почетниот капитал донесува Собранието на друштвото за управување.

Одлуката за зголемување на почетниот капитал се донесува со 2/3 од акциите претставени на Собранието на друштвото за управување.

**Намалување на почетниот капитал**

**Член 17**

Намалување на почетниот капитал се врши со одлука на Собранието на друштвото за управување, при што со истата не може да се врши намалување на почетниот капитал под минималниот износ определен со закон.

Одлуката за намалување на почетниот капитал се донесува со 2/3 од акциите претставени на Собранието на друштвото за управување.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО**

**Член 18**

Друштвото се основа за извршување дејност основање и управување со инвестициски фондови, на неопределено време.

**ПРЕДНОСТИ И ПОВОЛНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ**

**Член 19**

Основачите како акционери на друштвото за управување согласно со нивното учество во почетниот капитал имаат еднакви права во Друштвото за управување.

Акционерите на Друштвото, како и акционерите на основачот на Друштвото којшто има квалификувано учество во Друштвото, се ослободуваат од плаќање влезен надоместок при управување со средства за сметка на индивидуален клиент. Друштвото може да го намали или во целост да го ослободи инвеститорот од плаќање влезен надоместок за управување со средства за сметка на индивидуален клиент по одобрување од страна на Одборот на директори на Друштвот**о.**

**УПРАВУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ**

**СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ**

**Член 20**

Акционерите на друштвото за управување своите права и интереси во друштвото за управување ги остваруваат на Собранието на друштвото за управување.

Собранието на друштвото за управување го сочинуваат сите акционери.

Секој акционер може да овласти полномошник на Собранието, со писмено полномошно заверено кај нотар, согласно Законот за трговските друштва.

**Надлежност на Собранието на Друштвото за управување**

**Член 21**

Собранието на Друштвото за управување одлучува за:

1) измена на Статутот;

2) одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото за управување во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добив ката;

3) одобрување на финансиските извештаи на инвестициските фондови со кои управува Друштвото за управување;

4) избор и отповикување на членовите на Одборот на директори;

5) одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото за управување на членовите на Одборот на директори;

6) зголемување и намалување на почетниот капитал на Друштвото за управување;

7) издавање на хартии од вредност;

8) назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за управување и финансиските извештаи на отворените инвестициски фондови со кои управува;

9) статусни промени на друштвото за управување;

10) престанување на Друштвото за управување;

11) други прашања утврдени со закон.

**Свикување и одржување на Собранието на друштвото за управување**

**Член 22**

Годишното собрание на друштвото за управување го свикува Одборот на директори најдоцна до 30 април тековната година за претходната година.

Собрание на друштвото за управување може да се свика и кога тоа го бараат интересите на друштвото и на акционерите.

Одборот на директори може по своја иницијатива или по барање на акционер да донесе одлука да го свика Собранието на друштвото за управување со мнозинство гласови од своите членови.

**Ч**

**лен 23**

Собранието се свикува со праќање на покана до акционерите запишани во книгата на акционери на Друштвото за управување преку препорачана пратка.

Собранието на Друштвото за управување може да биде свикано и со објавување на повик до акционерите, објавен во најмалку еден дневен весник.

Поканата за седница на Собранието на Друштвото за управување ги содржи елементите утврдени со Законот за трговските друштва.

Рокот кој тече од денот на објавувањето на повикот, односно денот на испраќање на поканата за седница, до денот на одржување на Собранието на акционери не може да биде пократок од 30 дена.

**Ч**

**лен 24**

Со седниците на Собранието на друштвото за управување претседава Претседавач.

Претседавачот на Собранието се избира за секое одделно Собрание.

Мандатот на Претседавачот со Собранието, трае до изборот на новиот Претседавач на Собранието.

За Претседавач може да биде избран секој акционер или лице кое го застапува акционерот.

**Ч**

**лен 25**

Дневниот ред на Собранието на акционерите го утврдува свикувачот на седницата на Собранието на Друштвото за управување.

Секој акционер има право да поднесува иницијатива за вклучување на точки на дневен ред на Собрание кое ќе се свика, во согласност со законот.

**Ч**

**лен 26**

На Собранието на акционери може да се одлучува само за прашања што се уредно ставени на дневен ред на седницата.

Собранието може да расправа без право на одлучување и за прашања кои не се ставени на дневен ред на Собранието.

**Член 27**

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка. Предлагањето точки на дневен ред друштвата можат да го овозможат да се врши со електронски средства.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на друштвото. Предлагањето одлуки друштвата можат да го овозможат да се врши со електронски средства.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до органот на управување на друштвото, односно до свикувачот на собранието назначен од судот во согласност со Законот за трговските друштва во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието на друштвото.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто е свикано не може да се одбие, освен во случаите утврдени со Законот за трговските друштва.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на свикано собрание, органот што го свикал собранието, односно лицето определено од судот да свика собрание, го испраќа до сите акционери, односно го објавува на ист начин на којшто ги испратил поканите, односно на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување.

Таму каде што остварувањето на правото на акционерите повлекува измена на дневниот ред на седницата на собрание кој веќе им е доставен/објавен на акционерите, друштвото го става на располагање ревидираниот дневен ред на истиот начин, како и претходниот дневен ред пред датумот на одржувањето на седницата на собранието на друштвото.

**Пријавување на учество на Собрание на друштвото за управување**

**Член 28**

Секој акционер своето учество на Собрание го пријавува најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Списокот на пријавените акционери од став 1 на овој член се става на увид во седиштето на Друштвото за управување.

Списокот на пријавените акционери, свикувачот на Собранието го споредува со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.

Списокот од став 3 на овој член, пред одржување на Собранието го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер, со што го потврдува - верификува своето присуство.

**Кворум за работа и мнозинство за одлучување**

**Член 29**

Собранието на Друштвото за управување може да работи ако на седницата присуствуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.

Одлуките на Собранието на акционери се донесува со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието, освен ако со закон и овој Статут не е предвидено друго мнозинство.

**Влегување во сила на одлуките донесени на Собрание**
**на Друштвото за управување**

**Член 30**

Одлуките донесени на Собрание на Друштвото за управување по правило влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен кога во зависност од природата на одлуката што се донесува на Собранието, со истата не се определи друг рок на влегување во сила на таа одлука.

**Записник за седницата на Собранието**

**Член 31**

За работата на Собранието се води записник, кој го потпишува записничарот и претседавачот на Собранието, а го заверуваат заверувачи на записникот, избрани од страна на Собранието.

Записникот по потпишување од овластените потписници, заедно со писмено изготвените одлуки, заклучоци и други акти се доставуваат до лицата задолжени за извршување, а еден примерок се доставува и чува во архивата.

Записниците од Собранието на друштвото за управување се чуваат најмалку 10 години.

За случаите утврдени со закон кога записникот го води нотар, записникот го потпишуваат нотарот и претседавачот на Собранието.

## ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

**Член 32**

Управувањето на друштвото е организирано според едностепен систен на управување

Со друштвото за управување управува Одбор на директори.

Одборот на директори се состои од 5 члена кои ги избира Собранието на акционери со мнозинство гласови од претставените акционери на Собранието.

Одборот на директори се состои од 3 неизвршни членови и 2 извршни членови.

Еден член од неизвршните членови на Одборот на директори е независен член.

**Член 33**

За членови на Одборот на директори може да бидат избрани физички лице кои се деловно способни и кои исполнуваат услови согласно со законските прописи.

Членовите на Одборот на директори се избираат за период од 4 години.

Членовите на Одборот на директори можат повторно да бидат именувани без разлика колку мандати претходно биле членови на Одборот на директори.

**Член 34**

Одборот на директори од редот на неизвршните членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот, избира Претседател на Одборот на директори.

**Член 35**

Претседателот на Одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците на Одборот на директори.

**Член 36**

Извршните членови на Одборот на директори се избираат од редот на членовите на Одборот на директори со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот на директори.

Извршните членови на Одборот на директори носат назив Главен извршен директор, односно Извршен директор.

Мандатот на извршните директори е 4 години.

Извршните директори може повторно да бидат именувани ако се избрани за член на Одборот на директори.

За назначување на извршните директори потребно е да се добие согласност од Комисијата за хартии од вредност.

**Надлежности на Одборот на директори**

**Член 37**

Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на одборот на директори.

Одборот на директори во рамките на овластувањата од претходниот став, ги извршува следниве работи:

1) ја утврдува и води деловната политика;

2) организира отворени инвестициски фондови, односно донесува статути и проспекти на отворените фондови, одлучува за припојувањекако и за ликвидација на отворените фондови;

3) одлучува за склучување на договор со депозитарна банка;

4) предлага општи акти кои се во надлежност на собранието;

5) ги спроведува одлуките и другите акти донесени од собранието;

6) донесува други општи акти на друштвото, освен статутот;

7) на предлог на извршните директори ја утврдува организацијата на работењето на друштвото, организационите промени, условите за работа и потребата од вработени;

8) формира комисии за извршување на одредени задачи;

9) донесува одлуки за склучување на договори за задолжување, стекнување и оттуѓување на недвижности;

10) го усвојува извештајот за попис на основни средства;

11) одлучува за приговори на вработени во втор степен;

12) одлучува за други прашања утврдени со закон и овој статут.

**Кворум и мнозинство на одлучување**

**Член 38**

Одборот на директори може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови на Одборот на директори.

Одборот на директори ги донесува одлуките со мнозинство гласови од определениот кворум во претходниот став на овој член, ако со закон и овој Статут не е определено поголемо мнозинство.

Гласот на Претседателот на Одборот е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

Одлуките на Одборот на директори влегуваат во сила од денот на нивното донесување, освен ако со закон не е поинаку определено.

**Член 39**

Одборот на директори може да одлучува и ако сите членови дадат согласност и без одржување на состанок.

Давањето на согласноста може да биде со своерачен потпис испратен по факс или по електронски пат на предлог одлуката.

**Член 40**

Одборот на директори работи и одлучува на состаноци кои се одржуваат кога тоа го налагаат потребите за извршување на работите во рамките на неговите надлежности, а најмалку 4 пати во текот на годината, на секои 3 месеци, притоа еден состанок мора да биде одржан 1 месец пред одржување на годишното собрание.

За работата на состаноците на Одборот на директори се водат записници.

**Ч**

**лен 41**

Одборот на директори може да именува комисии од редот на своите членови и други лица кои ќе му помагаат во работењето на Одборот на директори.

Комисиите немаат право на одлучување за работи од надлежност на Одборот на директори.

**Член 42**

Извршните директори го застапуваат и претставуваат друштвото за управување во односите со трети лица и се одговорни за работењето на друштвото за управување.

Во случај на отсуство на извршните директори, Друштвото за управување го застапуваат и ги потпишуваат актите лицата овластени од страна на главниот извршен директор на начин определен во полномоштво.

**Член 43**

Извршните директори редовно, го известуваат Одборот на директори за:

1) планираната деловна политика и други начелни прашања сврзани со работењето на Друштвото;

2) тековните активности и финансиската состојба на Друштвото за управување;

3)за работи кои значително влијаеле на платежната способност на друштвото за управување;

4) спроведувањето на прифатената деловна политика;

5) други активности од значење за друштвото за управување во однос на инвестиционата политика со средствата на инвестициските фондови со кои управува и

6) други прашања побарани од страна на Одборот на директори.

**Ч**
**лен 44**

Извршните директори мора писмено да го известат Одборот на директори во случаите кога:

1)е загрозена ликвидноста и солвентноста на друштвото за управување;

2) ќе настапат услови за одземање на дозволата за управување со инвестициски фондови и

3) финансиската состојба на друштвото за управување е таква што може да доведе до намалување на почетниот капитал на друштвото за управување под утврдениот законски минимум.

**Главен Извршен директор**
**Член 45**

Главниот извршен директор на друштвото за управување има овластување да ги врши следните функции:

1) раководи и ја организира работата на друштвото за управување;
2) одговорен е за управување со инвестициските фондови;
3) го застапува и претставува друштвото за управување во односите со трети лица;
4) ги предлага основите на деловната политика и организација на друштвото за управување и ги предлага статутите и проспектите на отворените инвестициски фондови;
5) ги координира секојдневните активности на друштвото за управување;
6) ги извршува одлуките на собранието на друштвото за управување и одлуките на Одборот на директори;
7) одговорен е за прашања за вработените и односите со нив;
8) одговорен е за усогласување на работење на друштвото за управување со одредбите од Законот за инвестициски фондови и другите прописи и правила на саморегулирачките организации, како и остварување на соработка со Комисијата за хартии од вредност на РСМ;
9) има овластувања во рамки на работење на друштвото за управување во спроведување на законските одредби од Законот за инвестициски фондови и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за инвестициски фондови;

**Извршен директор**

**Член 46**

Извршниот директор на друштвото за управување има овластување да ги врши следните функции:

1) раководи и ја организира работата на друштвото за управување;
2) одговорен е за управување со инвестициските фондови;
3) го застапува и претставува друштвото за управување во односите со трети лица;
4) ги предлага основите на деловната политика и организација на друштвото за управување и ги предлага статутите и проспектите на отворените инвестициски фондови;
5) ги извршува одлуките на собранието на друштвото за управување и одлуките на Одборот на директори;

**Член 47**

Правата и обврските на извршните директори можат поблиску да бидат определени со договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршните директори, кој во име на друштвото за управување го склучуваат двајца неизвршни членови на одборот на директори, а го потпишува претседателот на одборот на директори.

**Член 48**

Извршен член на одборот на директори не може да биде член на орган на управување или вработено лице во друго друштво за управување со фондови или поврзано лице со тие лица, не може да биде член на орган на управување или вработено лице во организациона единица на банка која врши активности на депозитарна банка или поврзано лице со тие лица, не може да биде функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа.

**Член 49**

За први членови на Одборот на директори на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје-во основање, се назначуваат:

1. Васко Богдановски, магистер по економски науки, со ЕМБГ 1401985410044 со адреса на живеење ул. Митре Врчковски бр. 59, Битола, со број на пасош М1087507, во својство на Извршен член на Одборот на директори и Главен извршен директор на Друштвото;

2. Огнен Тилиќ, дипл. економист, со ЕМБГ 1105986450076 со адреса на живеење ул. Востаничка бр. 53, Скопје, со број на лична карта М0880399, во својство на Извршен член на Одборот на директори и Извршен директор на Друштвото;

3. Игор Мишевски, магистер по економски науки, со ЕМБГ 1209979423012 со адреса на живеење ул. Јани Лукровски бр. 10/1 - 46, Скопје, со број на лична карта М0582597, во својство на Неизвршен член на Одборот на директори;

4. Лазар Неданоски, магистер по економски науки, со ЕМБГ 0301976430026, со адреса на живеење на ул. Атинска бр. 23-1, Скопје, со број на пасош М0657443, во својство на Независен неизвршен член на Одборот на директори;

5. Сашко Самарџиоски, дипл. економист, со ЕМБГ 1906974440000, со адреса на живеење ул. Павел Шатев бр. 54, Прилеп, со број на лична карта М0440960, во својство на Неизвршен член на Одборот на директори;

(2) Првите членови на одборот на директори се назначуваат за време до одржување на првото годишно собрание на Друштвото.

За претседател на Одборот на директори на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје-во основање, од редот на неизвршните членови на одборот се назначува: Игор Мишевски, магистер по економски науки, со ЕМБГ 1209979423012 со адреса на живеење ул. Јани Лукровски бр. 10/1 - 46, Скопје, со број на лична карта

M0582597.

**Член 50**

Мандатот на првите избрани членови на Одборот на директори ќе трае до одржување на првото годишно собрание на друштвото.

Извршните членови на Одборот на директори на друштвото за управување потребно е да добијат согласност од Комисијата за хартии од вредност на РСМ.

**ОСНОВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ**

**Член 51**

Друштвото за управување ќе основа и ќе управува со отворени инвестициски фондови, врз основа на одобрение добиено од страна на Комисијата за хартии од вредност на РСМ.

При основањето на инвестициските фондови, друштвото за управување донесува Статут и Проспект на инвестицискиот фонд и ги презема сите активности во согласност со Законот за инвестициски фондови и другите прописи, а прибирањето на паричните средства друштвото за управување ќе започне да го врши преку јавен повик за продажба на удели во отворениот инвестициски фонд.

Статутот, Проспектот и другите акти на инвестициските фондови со кои управува друштвото за управување ги донесува Одборот на директори на друштвото за управување.

**Член 52**

Имотот на инвестициските фондовите е одвоен од имотот на друштвото за управување и за него друштвото за управување води одвоена евиденција за секој фонд поединечно.

Друштвото располага со имотот на инвестициските фондови во негово име, а за сметка на отворените инвестициски фондови.

**Член 53**

Друштвото за управување не смее:

- да посредува во купување и продавање на хартии од вредност;
- да оттуѓува или да стекнува хартии од вредност или друг имот на инвестицискиот фонд за своја сметка или за сметка на поврзани лица;
- од средствата на инвестицискиот фонд да купува имот кој не е предвиден ниту со Статутот, ниту со Проспектот;
- да извршува трансакции спротивно на ограничувањата во вложувањата на инвестициските фондови со кои што управува, утврдени со закон;
- да го отуѓува имотот кој го создава отворениот инвестициски фонд без надомест;
- да стекнува и отуѓува имот во име на инвестициските фондови со кои управува по цена понеповолна од пазарната цена или проценетата вредност на предметниот имот;
- во свое име и за сметка на отворениот инвестициски фонд, да позајмува средства, освен ако тоа не го прави со цел користење на тие средства за откуп на удели во отворениот инвестициски фонд, и тоа под услов паричните средства расположливи во портфолиото на фондот да не се доволни за таа намена, при што, во случај на таква позајмица, вкупниот износ на обврските кои подлежат на отплата од имотот кој го создава отворениот инвестициски фонд спрема сите договори за заем или кредит не смеат да преминат 10% од нето вредноста на имотот на отворениот инвестициски фонд во моментот на земање на тие позајмици, а во рок не подолг од три месеци;
- да одобрува заеми од имотот на инвестицискиот фонд и да се јавува како гарант во име на трети лица;
- да го користи имотот на инвестицискиот фонд како гаранција при извршување на обврските на друштвото за управување или обврски на трети лица, ниту пак да се користи за извршување на работи под повластени услови од страна на неговите вработени или лица поврзани

со нив;

- да договара продажба, купување или пренос на имот помеѓу два инвестициски фонда со кои управува истото друштво за управување под услови различни од пазарните услови или под услови со кои едниот инвестициски фонд се става во поповолна положба од другиот;

- да презема обврски во врска со средствата кои во моментот на преземање на тие обврски не се во сопственост на инвестицискиот фонд;

- за своја сметка да стекнува или отуѓува удели во отворен инвестициски фонд со кој што управува;

- да издава хартии од вредност на отворените инвестициски фондови;

- да го вложува имотот на инвестицискиот фонд во хартии од вредност или други финансиски инструменти кои тоа ги издава;

- за сметка на сопствениците на удели на отворениот инвестициски фонд да продава хартии од вредност, ако хартиите од вредност во моментот на склучување на трансакцијата не влегуваат во имотот на фондот и

- во текот на своето работење да настапува спротивно на интересите на сопствениците на удели или акции.

**Ч**

**лен 54**

Друштвото за управување управува со средствата на инвестициските фондови, со внимание на добар стопанственик и согласно Законот за инвестициски фондови и другите прописи.

Добивката остварена со управување на средствата на инвестициските фондови, се распределува на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови, сразмерно на нивното учество во имотот на фондот.

Подетално односите на фондот и Друштвото за управување се уредуваат со Статутот на инвестицискиот фонд.

**Член 55**

За вршење на работите за управување со имотот на отворениот фонд, друштвото за управување наплатува надоместок за управување на товар на имотот на отворениот инвестициски фонд, на начин и во рамките утврдени во законот и статутот на фондот.

**ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ**

**Член 56**

Друштвото за управување при управувањето со сопствените средства е должно да обезбеди континуитет на тековното работење и да ја сочува вредноста на капиталот, преку минимизирање на ризиците од вложувањето на сопствените средства. Друштвото за управување е должно да го чува имотот во постојани и обртни средства наменети за редовното работење и да ги чува и вложува вишоците средства во депозити, хартии од вредност и удели во инвестициски фондови.

**Ч**

**лен 57**

Друштвото за управување депозитите е должно да ги чува во првокласни, бонитетни, сигурни и високо ликвидни банки кои нудат најдобри услови за депонирање на средствата. Прифатливи хартии од вредност за инвестирање на средствата на Друштвото кои обезбедуваат високо ниво на ликвидност се државни краткорочни и долгорочни хартии од вредност.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ, ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА**

**Член 58**

Извршните директори на друштвото за управување по завршување на деловната година

изготвуваат и поднесуваат на Одборот на директори годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работење на друштвото за управување.

Извршните директори по истекот на деловната година изготвуваат и поднесуваат до Одборот на директори и годишни финансиски извештаи за инвестициските фондови со кои управува друштвото за управување, кои се одвоени од средствата на друштвото за управување.

Финансиските извештаи на друштвото за управување и на инвестициските фондови подлежат на ревизија од овластен ревизор определен од Собранието на друштвото за управување.

На Годишното собрание на Друштвото за управување се разгледуваат и одобруваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото за управување, како и годишните финансиски извештаи на инвестициските фондови со кои управува друштвото за управување, за претходната деловна година.

**Ч**

**лен 59**

Собранието на друштвото за управување по усвојувањето на финансискиот и годишниот извештај за работата на друштвото за управување, одлучува за распределба на добивката.

Одлуката за распределба на добивката се донесува со 2/3 од акциите со право на глас, претставени на Собранието на друштвото за управување.

## ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМИРАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ

**Член 60**

Заради остварување на своите права, акционерите на друштвото имаат право да бидат информирани за работењето на друштвото за управување и имаат право на увид во книгите, актите и другите документи на друштвото.

Правото на информирање за записниците и одлуките од состаноците на Одборот на директори, акционерите го остваруваат преку неизвршните членови на Одборот на директори.

Друштвото за управување може да бара од акционерот кој бара увид, претходно да го информира друштвото за увидот, во рок не подолг од 3 дена пред денот на бараниот увид.

Друштвото може да бара акционерот да ги плати трошоците за бараните копии, коишто не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.

Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен на акционерите, ако остварува пред надлежен орган некое право определено со закон, со статутот и со друг акт на друштвото, или ако тие веќе не се јавно објавени.

Акционерите на друштвото за управување се известуваат за работењето на друштвото преку електронска пошта и други форми на информирање согласно со закон.

## ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 61**

Под деловна тајна се сметаат податоците, информациите документите и програмската опрема, чие соопштување на неовластено лице, поради нивниот карактер и значење е спротивно на интересите на отворениот фонд и друштвото кое управува со него.

Под деловна тајна се сметаат и податоците, информациите и исправите кои согласно законските и подзаконските прописи се прогласени за деловна или друг вид на тајна.

**Член 62**

Друштвото за управување во работењето се грижи за обезбедување на деловната тајна на друштвото и спречува секаков неовластен проток на податоци, документи и информации, во и надвор од друштвото.

Податоците за сопствениците на документи за удлеи, како и податоците за уплатите и исплатите, се чуваат како деловна тајна и можат да се соопштуваат само врз основа на судски налог, на барање на сопственик на удел, на барање на Комисијата за хартии од вредност на РСМ, како и на

барање на депозитарната банка.

Основачите на друштвото, членовите на Одборот на директори, вработените или лицата кои за друштвото вршат постојани или повремени работи се должни да ја чуваат тајноста за работата на друштвото.

Обврската за чување на деловна тајна останува и по престанокот на функцијата или работниот ангажман во друштвото.

## ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

**Член 63**

Друштвото за управување може да престане во следните случаи:

- со одлука на Собранието на друштвото за управување за која се изјасниле најмалку 2/3 од акционерите претставени на Собранието;
- со правосилна одлука на судот со која е утврдена ништовност на Друштвото за управување;
- стечај;
- присоединување, спојување;
- други случаи утврдени со закон.
-

## СТАТУТ И ДРУГИ АКТИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

**Член 64**

Другите прашања што се од значење за работењето на друштвото за управување, а не се уредени со овој Статут, се уредуваат со други акти на друштвото за управување, како што се правилник, деловник, правила, одлуки, процедури, програми и други акти.

Другите акти, освен актите што се донесуваат на Собранието на акционери на друштвото за управување ги донесува Одборот на директори на друштвото за управување и ги потпишува Претседателот на Одборот на директори.

Сите други акти на друштвото за управување мора да бидат во согласност со Статутот како основен акт на друштвото за управување.

Одредбите кои се во спротивност со Статутот се ништовни.

**Член 65**

Измена на Статутот се врши со одлука на Собранието на друштвото за управување за која се изјасниле најмалку 2/3 од акционерите претставени на Собранието.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 66**

Друштвото се основа симултано, така што основачот со потпишување на статутот ги презема сите акции, како и обврската за уплата на акциите.

**Член 67**

За сè што не е регулирано со овој Статут ќе се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за инвестициски фондови и другите законски и подзаконски прописи.

**Член 68**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на добивање согласност од Комисијата за хартии од вредност на РСМ и уписот во Трговскиот регистар на Централниот регистар на РСМ.

**ОСНОВАЧ**

**Друштвото за информатичка технологија,**
**инвестиции и советодавни услуги ОПФОЛИО АД Скопје**

**____________________________**
**Претседател на Одборот на директори**
**Игор Мишевски**